Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 12.03.2021

На 11.03.2021 во 13.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Аеродром го лишиле од слобода Н.С.(52) од Битола затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.03.2021 во 20.29 часот во СВР Штип, вработен во Казнено поправна установа „Затвор-Штип" пријавил дека С.Р. од Кочани, затвореник, се обидел да прикрие 20 пакувања со хероин. Извршен е увид од полициски службеници од СВР Штип, за настанот е известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.03.2021 околу 18.35 часот на наплатната станица Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар запреле минибус „мерцедес" со дебарски регистарски ознаки, сопственост на транспортно претпријатие, а управуван од И.Д.(62) од Дебар. При контрола во минибусот било констатирано дека се превезувале повеќе патници од дозволениот број со протоколот за вршење на јавен превоз. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.03.2021 во периодот од 08.00 до 16.00 часот на автопатот Штип Миладиновци (од клучка Кадрифаково до клучка Преод), полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на патниот сообраќај Свети Николе спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле откриени шест возачи кои управувале возила со брзина поголема од дозволената.

На 11.03.2021 во 15.00 часот на Граничен премин „Табановце" од слобода бил лишен Д.Д.(33) од Струмица бидејќи при проверка било констатирано дека е предмет на потрага по издадена телеграма од СВР Куманово. При преглед во товарното возило „фиат дукато" со швајцарска национална ознака, кое го управувал Д.Д., била пронајдена цевка од огнено оружје. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 11.03.2021 год. во времето 08.00 до 16.00 часот на подрачјето на Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната и притоа се регистрирани шест прекршоци
.
На 11.03.2021 околу 13.40 часот во ОВР Ресен било пријавено дека на магистрален пат Ресен-Битола, кај место викано „Долна крстосница", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мерцедес" со охридски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(36) од Охрид и товарно возило „волво" со кавадречки регистарски ознаки, управувано од Б.П.(33) од с.Ваташа, кавадречко. Во незгодата, од здобиените повреди на местото на настанот починале возачот Д.К. и Ј.К.(34) од Охрид, сопатник во возилото „мерцедес". Смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Ресен.

На 11.03.2021 во 12.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„11-ти Октомври" во Скопје патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Н.(31) од Скопје, удрило во пешакот Ф.Б.(66) од Скопје. Во незгодата, Ф.Б. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св. Наум Охридски". Извршен увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 11.03.2021 во 10.30 часот во Полициската станица Карпош, Б.Р.(52) од Скопје пријавила дека на ул.„Лесновска" била касната од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Г.Ј.(52) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 22.02.2021 на булевар „Ослободување" во Кичево, полициските службеници го затекнале пријавениот како управува такси возило „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки и превезува патници без да поседува лиценца за вршење на превоз на патници.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ј.С.(43) од скопското село Шишево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Тој, на 09.01.2021 го довел во заблуда Д.М. од Дебар, од кого претходно изнајмил возило „бмв х5". По истекување на договорот за изнајмување, пријавениот не му го вратил возилото на оштетениот со образложение дека му го одзеле лица на кои наводно им должел пари. По преземени мерки, полициските службеници констатираа дека пријавениот направил фалсификуван купопродажен договор во кој прикажал дека оштетениот му го продал возилото. Потоа, го одјавил и го продал на лице од Куманово.

Регионалниот центар за гранични работи Исток при БЈБ поднесе кривична пријава против Е.С.(40), М.А.К.(52) и О.А.(38), сите од Република Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Пријавените, во периодот од 04.03. до 09.03.2021, како возачи на товарни возила, на Граничен премин „Деве Баир" доставиле на увид фалсификувани зелени карти.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.Л..(46) од Неготино, службено лице – инкасатор, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „послужување во служба", С.Д.(44) од Неготино -раководител на административното одделение и М.А.(60) од Велес - одговорен благајник, вработени во ЈПКР „Бошава"- Демир Капија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во служба". Првопријавениот, во периодот од 2019 до декември 2020 година, кај себе чувал наплатени сметки и не доставени од најразлични корисници, кои не ги предал во разумен временски период и неовластено се послужил со парични средства кои што ги наплаќал од корисници-физички лица на претпријатието за комунални услуги, користејќи ги за сопствени цели. С.Д. и М.А., со искористување на својата положба и овластувања и со неизвршување на службени должности во ЈПКР, го потпомагале првопријавениот, со што на претпријатието му предизвикале материјална штета од 250.631 денари.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против С.М.Н.(21), турски државјанин, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 08.03.2021 на Граничен премин - Меѓународен аеродром Скопје, пријавената приложила фалсификуван негативен ПЦР тест.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против казино од с.Желино, тетовско и против В.П.(29) од Тетово- менаџер на казиното, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 10.01.2021, полициски службеници извршиле контрола во казиното, кое е во склоп на густоградски објект и биле затекнати поголем број гости од дозволеното

На 12.03.2021 година во 00.35 часот, полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка го лишиле од слобода Е.Т.(46) од Крива Паланка затоа што во 20.07 часот на 11.03.2021 физички ја нападнал М.Т.(30) од Крива Паланка. При нападот Е.Т. користел остар предмет. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.03.2021 во 15.07 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во куќа на ул.„Спиро Црне", сопственост на Т.М.(66). Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, при што еден пожарникар се здобил со изгореници, а друг пожарникар се пожалил на вдишување чад. Извршен бил увид на местото.

На 11.03.2021 во 16.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода В.Р.(29) од Скопје затоа што ја нападнал сосетката Д.С. (48) и се обидел со остар предмет да го нападне нејзиниот сопруг Г.С.(50). Според пријавеното, откако тој ја нападнал Д.С., дошол сопругот Г.С. и настанала физичка пресметка помеѓу него и В.Р., при што В.Р. се обидел со остар предмет да го нападне. Г.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.03.2021 во 12.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека, при ископ на место викано „Просенички пат", биле пронајдени коски и остатоци од два черепи. Увид на местото извршиле Јавен обвинител и екипа од СВР Струмица.

На 11.03. 2021 во 10.45 часот во СВР Скопје, С.Б. од Скопје пријавила дека била нападната од едно лице кое со закана и одзело торба. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.03.2021, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(20) затоа што околу 20.20 часот се обидел да извриши кражба во маркет на ул.„Востаничка" и физички нападнал еден од вработените. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.03.2021 во 21.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.А.(37) и И.А.(50), двајцата од Скопје. Сочинети записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 11.03.2021 во 23.45 часот во Полициската станица Чаир, Т.К.(30) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот татко А.К.(64).. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.03.2021 во 17.00 часот во СВР Скопје, С.К.(45) од Куманово пријавил дека околу 12.20 часот на подрачјето на подрачјето на Карпош, по претходна расправија бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.03.2021 во 20.00 часот во СВР Скопје, Е.Х.(51) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари нејзиниот син бил физички нападнат од Р.Ј.(34) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

ОВР Крива Паланка поднесе кривична пријава против С.М.(39) од с.Дурачка Река, кривопаланечко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". На 25.02.2021, С.М. пријавил дека од неговата семејна куќа му била извршена кражба на 5.000 евра, извршена од непознат сторител, а кои пари тој во текот на февруари ги потрошил во казино.

На 11.03.2021 во 21.15 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Р.К. (40) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот син Д.К.(18). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.